**20260290415**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 45 став (3) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), а во врска со член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКА НА СВЕЖО ОВОШЈЕ ЗА 2026 ГОДИНА

I

- Со оваа програма ќе се реализираат мерки за финансиска поддршка во земјоделството за поттикнување на потрошувачката на свежо овошје произведено во 2026 година во Република Северна Македонија.
- Средствата за реализација на оваа програма во износ од 30.000.000,00 денари обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25) раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), потпрограма 22 – Поттикнување на потрошувачка на свежо овошје, млеко и млечни производи, ставка 464 – Разни трансфери ќе се користи за:

| Број на мерка | Име на мерката | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за откуп, пакување и дистрибуција на свежо овошје | 15.000.000,00 |
| 2. | Неизмирени обврски од Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година | 15.000.000,00 |
| Вкупно | | 30.000.000,00 |

II

Средствата од делот I став (2) од табелата од оваа програма за мерката 1. „Финансиска поддршка за откуп, пакување и дистрибуција на свежо овошје“ во износ од 15.000.000,00 денари се наменети за реализација на:

| Код на подмерка | Име на подмерка | Корисници на поддмерката и висина на финансиска поддршка |
|---|---|---|
| 1.1. | Финансиска поддршка за откуп, пакување и дистрибуција на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка од реколта 2026 | 1.Корисници на оваа подмерка се регистрираните откупувачи кои извршиле откуп, пакување и дистрибуција на органски или |

| | | |
|---|---|---|
| | година произведени во Република Северна Македонија | неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка од реколта 2026 година произведени во Република Северна Македонија и:<br>-откупот на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка го извршиле за производи од овошје од прва класа кои ги исполнуваат општите пазарни стандарди за квалитет на свежо овошје согласно членот 38 од Законот за квалитетот на земјоделските производи и специфичните пазарни стандарди за квалитет на свежо овошје согласно Правилникот за минимални стандарди за квалитет на овошје и зеленчук наменети за преработка и специфични пазарни стандарди за квалитет на свежо овошје и зеленчук наменети за консумација (*) и тоа најмалку 90.000 кг. кајсии, 175.500 кг. праски, 168.000 кг. сливи, 74.000 кг. круши, 370.000 кг. јаболка, по регистриран откупувач;<br>-пакувањето на органските или неорганските кајсии, праски, сливи, круши и јаболка го извршиле, согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи и<br>-ги дистрибуирале откупените и спакувани органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка до јавните установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија, најдоцна до 15 декември 2026 година.<br><br>2. Висината на финансиската поддршка изнесува 15.000.000,00 денари со вклучен ДДВ. |

III

- Финансиската поддршка од дел II од оваа програма за подмерката 1.1 „Финансиска поддршка за откуп, пакување и дистрибуција на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка од реколта 2026 година произведени во Република Северна Македонија“ ќе се врши врз основа на доставени документи за извршен откуп, пакување и дистрибуција, по претходно спроведена постапка за јавна набавка, од страна на Агенцијата.

- Стандардите кои треба да ги исполнуваат откупените органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка, како и условите кои треба да ги исполнува регистрираниот откупувач за да може да врши откуп, пакување и дистрибуција, начинот на дистрибуција и пакувањето на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка и за колкав број на деца во јавни установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија, се предмет на јавната набавка од ставот (1) на овој дел.
- Агенцијата спроведува постапка за јавна набавка за избор на регистриран откупувач кој ќе врши откуп, пакување и дистрибуција на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка на јавни установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија согласно со Законот за јавните набавки (*), најдоцна до 15 април 2026 година.
- Избраниот регистриран откупувач во постапката за јавна набавка доставува банкарска гаранција од 15% од вредноста на јавната набавка, со цел квалитетно и навремено исполнување на договорот.
- Агенцијата ја спроведува постапката за јавната набавка од ставот (2) на овој дел врз основа на податоците за бројот на деца во јавни установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија како крајни корисници на откупените, пакуваните и дистрибуираните органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка по јавни установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија, преку листата на јавни установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија доставена од Министерството за социјална политика, демографија и млади преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
- Избраниот регистриран откупувач на сопствен трошок го врши доделувањето, пакувањето и дистрибуцијата на откупените органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка до јавни установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија и за истото не им наплаќа надоместок.
- Доставената количина на предадените откупени органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка во јавни установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија соодветна на бројот на деца во секоја јавна установа за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија, се потврдува од страна на овластено лице од одговорното лице на јавната установа за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија. Доставата на органските или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка во јавните установи за деца од предучилишна возраст во Република Северна Македонија ќе започне од 15 јуни 2026 година и ќе заврши до 15 декември 2026 година.
- Податоците за потврдената примена количина од ставот (7) на овој дел и податоците за количината, квалитетот и цената на откупените органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка од секое земјоделско стопанство се доставуваат до Агенцијата од страна на избраниот регистриран откупувач во рок од седум дена од денот на приемот.
- Исплатата на средствата од дел II од оваа програма за подмерката 1.1 „Финансиска поддршка за откуп, пакување и дистрибуција на органски или неоргански кајсии, праски, сливи, круши и јаболка од реколта 2026 година произведени во Република Северна Македонија“ ја врши Агенцијата врз основа на решение за исплата, најдоцна до 25 декември 2026 година.

IV

Средствата од делот I став (2) од табелата од оваа програма за мерката 2. „Неизмирени обврски од Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година“ во износ од 15.000.000,00 денари се наменети за исплата на финансиски средства за неизмирени обврски од Програмата за поттикнување на потрошувачка на свежо овошје за 2025 година.

V

Агенцијата заклучно со 31 декември 2026 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-402/11
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.